Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

| Примено: 26.11.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 11-4949/1 | | | |

( Образец ПП……)

**До: Министерство за животна средина и просторно планирање**
**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Здружение за социјални иновации и одржлив развој РАДАР, ул. Партение Зографски, 33-б, Скопје, Mail>radar.org.mk@gmail.com
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: __Гордана Несторовска, претседателка, ул. Коста Новаковиќ, 20/1-11, Скопје, тел. 070-388-258, маил: nestorovska.gordana@gmail.com

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Доставете ни локација на мерни станици кои се дел од државната мрежа за мониторинг на бучава, поставени согласно членот 26 од Законот за заштита од бучава во животната средина, а кои ја опфаќаат територијата на Град Скопје.
2. Доставете ни ги програмите за мониторинг на бучавата кои Министерството за животна средина ги донело за периодот 2019 и 2020 година, согласно членот 28 од Законот за заштита од бучава во животната средина.
3. Доставете ни мерења од мерните станици дел од државната мрежа за мониторинг на бучавата, кои согласно членот 26 од Законот за заштита од бучава во животната средина се поставени на територија на Град Скопје, за периодот 2019 и 2020 година. Доставете ни информација одделно по мерна станица и одделно по месеци.
4. Доставете ни информација за мерки за заштита од бучава кои Министерството за животна средина ги презело на територија на Град Скопје и Општина Аеродром, согласно членот 19 од Законот за заштита од бучава во животната средина, за периодот 2019 и 2020 година.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

Г. Несторовска

**Во _Skopje, _26.11.2020 година .** ______________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Здружение за социјални иновации и... РАДАР Скопје

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

Арх.бр./Nr.Arh. 11-4949/2
Дата/Data 21.12.2020 год. /viti

ДО/DERI TE: Сашо Секуловски
Овластено лице за слободен пристап на информации од јавен карактер
- тука-

ПРЕДМЕТ/LENDA: Одговор на барање за слободен пристап за информации од јавен карактер

Почитуван,
Të nderuar,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер доставено е барање со број 11-4949/1 од 26.11.2020година од страна на Здружение за социјални иновации и одржлив развој "РАДАР" со адреса на ул. "Партение Зографски" бр.336 од Скопје, кој ги бараат следните информации:

По членот 26 од Законот за заштита од бучава во животната средина локации на мерни станици кои се дел од државната мрежа за мониторинг на бучава , а кои ја опфаќаат територијата на Град Скопје и членот 28од Законот за заштита од бучава во животната средина програмите за мониторинг на бучава кои Министерството за животна средина и просторно планирање ги донело за период од 2019 и 2020 година сеуште не е поостапено. Планирано е да се започне со овие активности во текот на 2021 година во рамките на проект кој е финансиран од ИПА фонд каде со помош на експерти ќе се зајакнат административните капацитети на МЖСПП и општините Град Скопје, Куманово, Битола и Тетово со цел да се подготват стратешки карти за бучава кои ќе бидат главна алатка за идентификување а понатаму и решавање на најголемите точки каде е зголемена бучавата во животната средина.

Мерења со кои располага Македонски информативен центар за животна средина при Министерството Ве информираме дека се објавуваат на веб страната на Министерството во делот за извештаи, Годишни извештаи. Понатака, податоците за 2019 година од мерните станици на Центарот за јавно здравје за Битола, Кичево, Куманово и Скопје се доставени на следната емаил адреса skj.mzspp@gmail.com односно на radar.org.mk@gmail.com , додека податоците за 2020 година ќе ги добиеме


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

во 2021, бидејќи Центрите за јавно здравје ги доставуваат до Министерството еднаш годишно за двете мерења кои ги вршат во текот на претходната година.

Мерките за заштита на бучава кои МЖСПП ги превзело на територијата на Град Скопје и општина Аеродорм главно се со предвидени мерки кои се наведени во Елаборатите за заштита на животната средина односно во А или Б интергрираните еколошки дозволи, се вршат мерења со ангажирање на овластени лаборатотии за бучава и истите се доставуваат до МЖСПП каде се анализираат дали добиените резултати се во рамките на дозволеното и при тоа доколку не се се задолжуваат во одреден рок истите да се доведат во рамките на дозволените . Понатака во бараниот период се изречени неколку прекршочни казни , согласно поднесени пријави од страна на овластени инспектори за животна средина за зголемено ниво на бучава главно од угостителски објекти и тоа најмногу во општина Карпош и општина Центар.

Со почит,
Me respekt

в.д. Директор на Управа за животна средина
u.d. Drejtor i Drejtorisë për mjedis jetësor
Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi: Сашо Илик
Контролирал/Kontrolloi: Александар Петковски
Согласен/Miratoi: Билјана Петкоска